# Записник
# од Седмата седница на Генералното собрание
# на GS1 Македонија

одржана на 25.06.2014 година

Врз основа на член 10 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски, свика Седма седница на Генералното собрание на GS1 Македонија на 25.06.2014 година, со следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-записник од Шестата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 12.04.2013 год;
2. Предлог-извештај за работа на GS1 Македонија во 2013 год;
3. Предлог-извештај за извршената ревизија на финансиското работење на GS1 Македонија во 2013 год;
4. Предлог-програма за работа на GS1 Македонија во 2014 год;
5. Предлог-финансиски план за 2014 год;
6. Предлог-одлука за промена на седиште на GS1 Македонија;
7. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на GS1 Македонија;
8. Предлог-одлука за пренесување на овластување за работа на Управниот одбор;
9. Предлог-одлуки за престанок на членство во GS1 Македонија, по основ на: доброволно откажување; преотстапување на GS1 број; стечај и ликвидација; неподмирување на членарината;
10. Разно

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Симон Наумоски, претседател на Собранието на GS1 Македонија. Со работа започна во 12:00.

На седницата присуствуваа 40 претставници на членките на GS1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија писмена пријава за учество и предадено Полномошно за номинирано лице од фирмата за легитимно учество во работата и носењето на одлуки на Генералното Собрание.

Претседателот Наумоски констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од определениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 11 од Статутот на GS1 Македонија).

Г-дин Наумоски предложи записничар да биде г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, а двајца оверувачи на Записникот да бидат: г-дин Никола Димовски и г-дин Игор Илковски. Предлозите едногласно се усвоија.
Предложениот Дневниот ред едногласно се усвои.

**АД/1** Записникот од Шестата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 12.04.2013 год. се усвои без забелешки.

**АД/2** Предлог-извештајот за работа во 2013 год. низ видео презентација го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Активностите за непосредни контакти со членките се зголемени и нивно интензивно информирање за бенефитите од користењето на GS1 стандардите, со воедно пружање на дополнителни инструкции и стручни совети за правилна примена на баркодовите. Продолжено е со имплементација на проектите: Сертифицирана Акредитација, GEPIR, меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија и со публицистичката и едукативната дејност. Зголемено е користењето на web сајтот на GS1 Македонија од страна на членките и потенцијалните членки. За поттикнување на развојот и оптимализацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди во деловното работење во производните и непроизводните сектори, организирани се низа едукативни семинари и интерактивни работилници со огромна посетеност.

Извршниот директор истакна дека прогресот е постигнат со зголемениот обем на работа, новите услуги кои се даваат на членките, зголемениот број едукативни активности и превод на македонски јазик на стручните брошури кои се поставуваат на web сајтот.

Во дискусијата се искажаа пофалби за остварените резултати во 2013 година, особено на полето на тековната работа со членките, зголемената промоција на GS1 стандардите помеѓу бизнис заедницата и во секторот Здравство, како и успешно завршениот Пилот-проект за GS1 DataBar-от и негова промоција во декември 2013 година.

По дискусијата, Предлог-извештајот за работа во 2013 година, се усвои и едногласно се изгласа неговото донесување во текст еднаков со предложениот.

**АД/3** По Предлог-извештајот за извршената ревизија на финансиското работење на GS1 Македонија во 2013 година елаборираше извршниот директор.

По дискусијата, едногласно се изгласа усвојувањето на ревизорскиот извештај.

**АД/4** Предлог-програмата за работа во 2014 година низ видео презентација ја образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека приоритетните активности на Асоцијацијата ќе бидат насочени кон поголема афирмација и промоција на GS1 стандардите, зголемување на свеста за корисноста од нивната апликативна примена во сите сектори, како и помош и едукација на македонските фирми, особено извозно ориентираните, во нивното деловно приспособување и прилагодување кон европските стандарди. За таа цел се планира одржување на низа семинари, издавање на стручни брошури, објавување на едукативни написи на web сајтот на GS1 Македонија. Најголем предизвик во 2014 година ќе биде омасовување на ново креираниот GS1 каталог на македонски производи со кој ќе се обезбеди извор на доверливи и точни информации за македонските производи, а бенефити ќе имаат сите учесници во дистрибутивниот синџир во Републиката.

Во дискусијата е дадена поддршка на предложените програмски активности.

По дискусијата, едногласно се изгласа донесувањето на Предлог-програмата за работа во 2014 година, во текст еднаков со предложениот.

**АД/5** Предлог-финансискиот план го образложи извршниот директор. Таа истакна дека проекцијата за 2014 година е изготвена со 5% зголемување на вкупните приходи остварени во 2013 година.

Предложениот финансиски план едногласно се донесе.

**АД/6, АД/7 и АД/8** По трите точки образложение поднесе Претседателот на Собранието, г-дин Симон Наумоски. Во член 3 од Статутот се врши промена на седиштето поради изменетото име на улицата од „Маршал Тито“ во „Македонија“. Во член 10 се вршат измени и дополнувања на Статутот согласно претходно донесените одлуки на Собранието за пренесување на дел од овластувањата од Собранието на Управниот одбор, освен одлуки кои се однесуваат на статусни прашања на GS1 Македонија и тоа во временски интервал помеѓу 2 седници на Генералното Собрание. Со тоа се зголемува ефикасноста во работењето на органите на управување на GS1 Македонија и се донесуваат формално-правни валидни одлуки. Тоа значи дека треба да се одржува само една, наместо две редовни годишни седници на Генералното Собрание во термин од најрано 15 април до најдоцна 30 јуни, на која би се усвојувале извештаите од претходната деловна година, по завршната сметка (Извештај за работа, Финансиски извештај, Ревизорски извештај), а би се потврдувале донесените планови од страна на Управниот одбор за тековната година (План за работа, Финансиски план), кои на седницата на Генералното Собрание би се потврдиле или корегирале согласно дополнително познати елементи од тековната година. Во член 16 се вршат дополнувања со цел поефикасна работа на Управниот одбор, те. да може полноправно да работи и одлучува и на седници организирани со користење на конференциска телефонска врска или друга аудио и визуелна опрема.

По дискусијата, членовите на Собранието едногласано ги донесоа сите три одлуки во текст еднаков со предложениот и тоа: Одлука бр.02-102/7; Одлука бр.02-102/8 и Одлука бр.02-102/9.

**АД/9** По точката 9 во која се содржани неколку одлуки за престанок на членството во GS1 Македонија по четири основи, согласно Статутот на GS1 Македонија, образложение поднесе Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека Стручната служба ги извршила сите потребни истражувања, пребарувања, (за фирмите кои се во стечај или ликвидација), обиди за наплата на заостанатиот долг, како и сите административни процедури во случаите на доброволно откажување од членство или преотстапување на GS1 бројот на друга фирма. Списоците на фирмите кои се предложени за престанок на членство се составен дел на секоја поединечна одлука, по различен основ. Овие одлуки со кои на 85 фирми им престанува членството, Управниот одбор ги донел на својата XI и XII седница, но ги доставува на разгледување и усвојување и од страна на Собранието.

Собранието едногласно ги прифати и потврди донесенети одлуки и предложи да се објават на web сајтот на GS1 Македонија.

**АД/10** Под точката Разно немаше дискусија.

Седницата заврши со работа во 12:50 часот.

Записничар,

Слаѓана Милутиновиќ ______________________

Оверувачи на Записникот:

1. Никола Димовски ______________________

2. Игор Илковски ______________________

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Собранието на GS1 Македонија,

Симон НАУМОСКИ

Бр. 02-102/2
25.06.2014
Скопје